З А П И С Н И К

Од 5-та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 5-та редовна седница на ден 31.01.2022 година (Понеделник) со почеток во 15.00 часот во просториите на Општина Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваше членот на Советот Илми Мустафов :

На седницата присуствуваа:Славе Андонов градоначалник на општина Василево, Ристо Михаилов, Сања Стојанова, Бранко Андонов и Горан Андонов представници од општинската аддминистрација

Пред да биде предложен дневниот ред за работа на 5-та седницата на Совет на општина Василево беше отворена расправа по записникот од 4-та седница на Совет одржана на ден 23.12.2021 година, немаше забелешки беше ставен на гласење од вкупно присутни 14 советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

За работа на 5-та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред:

За работа на Седницата предложен е следниот дневен ред:

1. Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2021 година за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година (К-1).
2. Квартален извештај за доспеаните а неизмирени обврски на општина Василево за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година (К-2).
3. Квартален извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година (К3).
4. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Пецанова Слоботка од с.Дабиље бр.192.
5. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Ристова Лика од с.Нова Маала бр.61.
6. Предлог одлука за пренесување на право на користење на патничко моторно возило Hyundai Elantra на ЈКПД „Турија" Василево.
7. Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2022 година
8. Извештај за реализација на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Василево за 2021 година

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 5- та седница на Советот на општина Василево за збор се јави Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево предложи

надополнување на дневниот ред: како 9 –та дополнитечлна точка од дневниот ред да биде: Предлог- Одлука за утврдување на приоритетен проект за реконструкција на локален пат од крстосница со пат кон брана Турија до центар во с. Добрашинци, Општина Василево

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Ристо Делјанов за надополнување на дневниот ред како 9 –та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предлог- Одлука за утврдување на приоритетен проект за реконструкција на локален пат од крстосница со пат кон брана Турија до центар во с. Добрашинци, Општина Василево, беше ставен на гласење од вкупно присутни 14советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

Дневниот ред за работа на 5-та седница на совет на општина Василево со усвоениот предлог за надополнување на дневниот ред :како 9-та дополнителна точка од дневниот ред да биде :Предлог- Одлука за утврдување на приоритетен проект за реконструкција на локален пат од крстосница со пат кон брана Турија до центар во с. Добрашинци, Општина Василево, беше ставен на гласење од вкупно присутни 14 советници Советот на општина Василево го усвои со 14гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

1.

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред: Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2021 година за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година (К-1).;за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присуни члена гласаше 1 глас„ за“, „против“нема и „воздржани “ 3, комисијата не ја усвои.

За збор се јави Ване Андоноврече дека во актуелниот состав има колеги од предходниот состав каде што во доставените материјали можат да ги видат аргументите, фактите и бројките во извештајот даден од периодот 01.01.2021 до 31.12.2021 година (К-1).; каде што општина Василево има неизмирени обврски од 90.000 000 денари што е катастрофално ако се има во предвид дека само основниот Буџет кој што изнесува 70.000 000 денари па се прашува како општина Василево во иднина ќе фунционира. Со толку голема задолженост општина Василево во иднина ќе биде во многу тешка ситуација, сите планирани приходи што ги имало во склоп на Буџетот во 2021 година се со просечна реализација од 60% катастрофално слаба реализација каде што се зборува дека бројките се добро планирани а во практика излегува друго, праша дали некој ќе преземи одговорност и дали ќе се покрене истрага за тоа задолжување од 90.000 000денари. Актуелниот градоначалник има обеќано програми незнае како градоначалникот ќе реализира, смета дека некој треба да се повика на одговорност на кој треба да се даде одговор како е дојдено до оваа состојба, опчекува конструктивност од сите советници. Реализацијата 60 % е мала рече дека може да каже за ова година дека ќе се настојува ралализацијата да биде поголема од сите можни ставки.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево според него кварталниот извештај е добар пример каде што може да се види во каква ситуација се наоѓа општината од изминатиот период да се види задолженоста на општината и за тоа треба сите да бидат свесни без разлика на партиска определба тоа го има кажано уште на првата седница опчекува конструктивност од сите советници.

Околу реализацијата 60% е мала може да каже за оваа година ќе настојува да биде поголема по сите можни ставки. Околу преземањето на одговорност која беше спомната од советникот Ване Андонов смета дека во наредниот период тоа ќе биде тема на размислување и преземање на некој чекори за одредени ситуации на кој начин е дојдено до големата задолженост на општината. Доколку законот ограничува во одреден дел што и треба да ограничува да се распишуват тендери без да се враќат долгови, така може и тој да постапи според него со тоа нема ништо да може да се постигне. Има општини после 14 години им беше одблокирана сметката, смета дека Општина Василево нема да биде таква иако во моментот тешко фунционира администрацијата нема земано плата за Декември. Секојдневно стигат извештаи особено за работи кој што не се преоритетни. Има информација дека има стигнато фактура каде што е земено часовник од 30.000 денари, три телефони Ајфони се земени од 30.000 па и 70.000 денари а ги нема никаде. Според него треба да се настојува да се работи на преоритетни работи а не на луксуз. Сега има друг мандат други советници кој што треба да размислуват како ќе продолжат понатаму. Овој извештај треба сите да го имат во предвид за во иднина да знат советниците што да предлагат. Сега со новиот мандат и тој како градоначалник има предложено Буџет од 70.000 000 денари помал од последните неколку години кој е реален и подобар од сите се разликува и начинот по кој ќе се реализира, меѓутоа останува за тоа да проценат другите фактори и советници. Рече дека неговиот оптимизам е насочен на штедење, локација на средства дека што се најпотребни и да се обрати внимание околу продажбата на градежното земјиште. За данок на имот има пратено опомени до сите мора да се стекне навика граѓаните да плаќат даноци според направените проценки и ке се доставуват апликации до институции да не бидат во стилот 10.000 000денари а општината да плака 3.000 000 денари што е ногу за нашата општина ако 5.000 000 се во капитални трошкови како ќе се плаќат 3.000 000 денари како тоа што се случи со Домот во Василево, улицата во Василево, според него смета дека тоа е непланско работене и не планско програмирање каде што нема основ во Буџетот не постои начин како да се исплати.

Ване Андонов се јави за збор рече до колку догодина биде полош извештајот ќе дојде во ситуација да се стави клуч на општината која што е презадолжена, некој колеги од советниците се трудат да наметнат дека не е баш таква состојбата но извештаите кажуват се смета дека некој треба да биде повикан на одговорност и да се прекине да се трошат средства непотребно на ресторани, пици и ајфони не е целта само да се створат трошкови на општината целта е да се размислува долгорочно да се раздолжи општината и да почнат да се градат капитални објекти.

Крсте Панев член на Советот упати критика до градоначалникот дека условите за одржување седница се катастрофални, минатиот пат беше оправдано, според него не се одржува стејки седница и апелира во иднина да се најде решение. Околу задолжувањето на општината од предходните градоначалници секој што има земено пари часовници телефоми на наредната седница да биде ставено на маса за трошење на општински пари рече дека како советник ке се залага се што е земено да биде вратено тоа се народни пари. Околу критиките дадени од советникот Ване Андонов за задолженоста на општината рече дека сега настапи нов градоначалник ке се види извештајот до година што е изградено и како ке биде раздолжена општината не само да се критикува без да се согледат работите. Беше кажано дека ке се штеди општинската кола пак се вози и за време на неработнте денови така се зборуваше и за предходните градоначалници истото се повторува и сега пак се прават исти грешки. Има сознанија дека за турнирот се земани караоки инсистира да се

вратат, доколку не се вратат за тоа треба да има одговорност. Околу доградбата на Домот колку општината е во можност толку и ќе гради.

Ване Андонов се јави за реприка бидејки советникот Крсто Панов призна дека некој грешки што се направени да не се повторат добро е што признава, бидејки тој период е бил тој како претседател на совет праша зошто нема согледано на тие грешки бидејки како председавач е бил до градоначалникот тој го има носено Буџетот и програмите не само да зборува за во иднина што ќе се прави па праша во овој мандат има советници и од предходниот состав што биле и носеле буџети и програми при здрав разум, праша дали размислувале што носеле или само присуствувале на седница па општината е дојдена во состојба како што е сега.

Крсто Панов рече дека тој ги нема трошено парите на општината ниту сам ги има носено програмите за тоа имат одлучено петнаесет советници, градоначалникот одлучува и тој подпишува за тоа.

Александра Мадевска се јави за реприка на советникот Ване Андонов рече дека уште на првата седница се зборуваше дека предходниот градоначалник ја има задолжено општината сега пак е задолжена за тоа советниците треба да согледат што треба да се смени,сега оваа е пета седница каде што упорно се критикува, според неа смета дека нешто треба да се планира што како понатаму да се постапува сите кажуват дека општината е задолжена и сите се свесни за тоа рече дека го подржува советникот Крсте Панев што кажа тој што земал треба да врати доколку се земени караолките за турнирот нека ги користат и нека ги вратат а не некој дома да го чува, апелира до советниците да размислат како да излезат од оваа состојба а не само да зборуват по неколку часови.

Ване Андојов се јави за реприка на советничката Александра Мадевска рече дека предходниот градоначалник има затекнато 52.000 000 денари долг од кој 26.000 000 денари му има раздолжено државата од 26.000 000 денари сега долгот е зголемен на 90.000 000 денари советничката Александра Мадевска зборува само за иднина но треба да погледне и назад, рече дека иднината се мери врз основа на минатото за каква иднина се зборува кога општината има долг од 90.000 000 денари.

Билент Исинов како постар советник сака да каже дека татко на општината е градоначалникот финансиски тој одговара смета доколку има направено грешка тој треба да одговара а не само да се критикуват советниците, градоначалникот е тој што кажува која точка треба да се изгласа тој договара и става подпис секој што ќе направи креминал треба и да одговара.

Ване Андојов: минатата седница сите беа сведоци дека тој по многу точки гласаше поразлично од сите советници и како кординатор рече дека ни градоначалникот неможе да му нареди бидејќи доволно му е јасно според материјалите што ги гледа, добро знае како треба да гласа, советниците се тие што треба да укажуват по грешките, според согледувањето советникот Крсто Панев нема укажувано ниту на грешките што ги имало, тој како економист ги гледа бројките кој катастрофално укажуват дека за скоро време треба да се стави клуч на општината.

Александра Мадевска се јави за реприка на советникот Ване Андонов рече дека минатата седница гласаше различно од сите советници поради други причи кој што нему беа дозволени од претседателот на советот тој гласаше така не сака да коментира понатаму за тоа.

Крсто Панов упати критика поради која советниците не се придржуват според начинот на кој треба да се води седницата сите треба да се придржават спрема точката која е на дневен ред сега се дискутира вон точката од дневниот ред.

Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево рече дека има точки по дневниот ред каде што треба да се дискутира.

Ване Андонов: факт е дека за тоа се избрани советниците треба да дискутират по материјалите кој се доставени и бројќите кој како економист кој што ги гледа.

Немаше друг пријавено за збор првата точка: : Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2021 година за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година (К-1). беше ставено на гласење од вкупно присутни 14 советници гласаа 6 гласа,, за,, ,, против,,нема и и ,, воздржани,, 8 Советот на општина Василево не го усвои.

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: Квартален извештај за доспеаните а неизмирени обврски на општина Василево за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година (К-2 за збор се јави Ване Андонов рече дека комисијата на седницата го разгледа од 4 присутни гласаа 1 ,, за,, ,, против,,нема и и ,, воздржани,, 3 комисијата не го усвои.

Александар Митров рече дека градоначалникот обеќа дека ќе работи а се прашува дали ќе може тие обврски да ги подмири апелира до сегашниот градоначалник да не се опушта во тоа бидејќи треба општината да се раздолжи. Според него смета дека не треба општината само да се задолжува за тоа треба да се бара одговорност. Не се согласува со советникот Билент Исинов кој што вели дека градоначалникот подпишува тој е главен тој што ќе каже така и ќе биде, според него доколку е така советниците треба да се распуштат тогаш градоначалникот сам нека одлучува како што сака нека задолжува додека му трае мандатот и нека самиот тој размислува. Смета дека советниците се тие кој што треба мислење да дават а градоначалникот да подпишува.Овие средства кој што се задолжени не ги дава ниту градоначалникот ниту советниците тоа се народни пари кој што треба да се застане на тој пат и стоп да се каже, сега треба ревизија да се изврши да се види се што има подпишано градоначалникот да нема превилегии да има одговорност.

Билент Исинов рече дека градоначалникот одлучува и финансиски и морално и во времето на мандатот на Ванчо Стојанов беше земен кредит од 300.000 денари за водоводот во село Чанаклија за тоа беше кажано дека така размислува градоначалникот точката беше ставена на гласење имаше мнозинство беше изгласана, смета дека и тие сега ќе се соочат со такви проблеми, како постар советник има искуство за тоа градоначалникот одлучува според него градоначалникот е подписник тој треба да одговара доколку некој направи прекршок тој треба да одговара не само да се критикува туку да се преземи тоа што е подобро за општината.

Крсто Панов побара подетално образложение.

Ристо Михаилов одговорен во одделението за финансии даде образложение за периодот од изминатите четири години рече доколку сакаме да се оди напред треба тие обврски како што кажа и на предходната седница дека 2022 година ќе биде година што ќе треба програмите да бидат

донесени од рамките на буџетот доколку не се спроведат така тие програми ќе има проблем не само со долговите туку и со функционирањето на општината тие долгови не се провлечени само од минатата четири година тие се провлекуват повеќе години за кредитите има уште 3.800 000 денари трите кредити што ги има земено сеуште не се вратени сега моментално се тие. Капиталните расходи како што се изградба на патишта, улици тоа се други објекти околу 57.000 000 денари како што предходно слушнаа точно е дека има добиено средства од Министерството меѓутоа од нивна страна не беа навремено доставени беа развлечувани во подолг временски период не толку колку што изнесуват тендерската документација бидејќи ако се градат патишта испланирана е програма з а реализација на таа програма треба некој работи да се скратат пошто не беа кратени и остануват одредени обврски од 2021 година и 2020 сите тие се наталожуват и од предходниот градоначалник Ванчо Стојанов што има оставено сето тоа се акомулира. Оперативни расходи има 20.000 000 денари што значи ситни работи но сите заедно стануват крупни и капиталните расходи и тие ги прават сите тие обврски. Има еден момент околу капиталните проекти во материјалите се планирани 14.000 000 денари. Капитални приходи има многу малку реализирани се гледа дека 25% мала реализација градоначалникот има предвидено дека ќе има тоа се ногу пари и ако предходниот пат 14.000 000 денари тоа се 30.000 000 денари затоа треба да се планира спрема приходи а не обратно прво треба да се планират приходите од сега натаму апелира до советниците со градоначалниот има разговарано за тоа колку и да се критикуват неможе назад да се врати понатаму треба сметка да се води околу капиталните расходи да се планират според можностите ако има 5.000 000 денари толку ќе има реализација плус што треба да се враќа ако има 5.000 000 денари од програмата треба уште 10.000 000 денари па и повеќе да има средства да се враќат долговите. Колку години се развлечуват обврските ден со ден ќе доаѓат решенија и долговите повеќе се зголемувт нема да може да земат плата вработените ниту пак градоначалникот во 2022 година ќе може нешто да реализира. Некој од советниците изразија желба за ревизија каде што од 2008 година нема дојдено ревизија доколку има можност се согласува дека треба да дојдат да укажат на некој работи за да не се повтарат исти грешки.

Оклолу кредитите К3 тоа се обврски спрема кредитите од кој една рата останува бебруари до колку може до летото да се тргне за да може после на чисто да се работи. Кредитите мора да се вратат Министерството за финансии блокира без да праша дали има ичли нема. Исто така се наталожува обврски спрема струјата последната фактура е 800.000 денари што е многу предходната 600.000 денари скоро 2.000 000 денарии струја во рок од 3 месеци струја што нема шанса да се собере од комуналии за надоместок на електрична енергија тие пари дури сега за јануари не знае како ќе се снаваѓа тешка е состојбата на секаде не само во нашата општина.

Крсто Панов побара образложение во такви долгови општината каде ке ќе се гради градинака .

Ристо Михаилов рече дека средствата за градинка не се во нашата програма ниту влегуват во нашиотБуџет Министерството за образование и Министерството за труд и социјална политика ако граде такви објекти тие имат посебна програма на Владата или Министерството тие користат средства толку колку што е потребно а општината дава само дозвола за градење тука општината нема никакво учество ниту со приходи ниту со расходи само може да бидат како наши основни средства д асе регистрират во општината. Исто така домот се гради со државни пари и патот од школото до црквата но има недоволно средства за да може да се покријат тендерите ситуацијата никој пат на тендерот не излегува иста како што ги дават парите од Владата секојпат доколку ни

дават средства треба да се орјентират спрема средствата и тендерската документација ќе се прави колку што има пари тие два објекти до крајот на 2022 треба да бидат завршени и да се добијат средства од владата за да се покријат тие два тендери и врз база на завршната фаза ќе се направи инспекторски назор и тогаш се одобруват средствата на општината за да ги платат на фирмите. Најмногу кикснано има околу изградбата на улици и патишта тука секој пат градоначалниците сакат да направат но нема доволно средства.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека најважни се приходите, нови тендери, стари обврски, според него има ресурси од градежно земјиштето и доколку комисијата работи како што треба и ако законот за легализација во фефруари се донесе ќе има солидна сума што може да се постигне одредена сума 13.000 000 денари тоа се фактори се зависи како ќе се одвиват работите натаму.

Живко Атанасов му посака на градоначалникот успешна работа од тоа што слушна од образложението на Ристо Михаилов за состојбата во која што се наога општината која што е презадолжена и го праша актоелниот градоначалник како и на кој начин планира да се справи со таквата задолженост на општината.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека состојбата е лоша сака да каже уште еден податок за советниците 1.000 000 денари повеќе е долгот спрема предходните советници. Со текот на времето се создават основни проблеми ќе мора да се прави зафат и на филтер станицата се надева дека за една недела ќе се реши и овој проблем според него тоа е поради недомаќинското работење од кога се ставени не се чепнати има видеа каде што може се да се види. Исто така околу уличното осветлување има енергетска криза за струја се планирани 5.000 000 денари меѓутоа тоа ќе се постигне за четири месеци треба да ре прави ребаланс за тоа а од друга страна го црпи буџетот а ќе мора да се одвојува средства за струја. Преку ЗЕЛС има земено став да се преговара со Владата бидејќи ние како општина не произведуваме ништо а струјата се користи за граѓаните. Ставот на градоначалниците спрема владата е дека треба да не се оди по таа ставка што ја има ако е било 150.000 денари сега е 1.900.000 денари што е ногу за општината, најголем проблем со кој ќе се соочи цела држава ни предстои голема инфлација или крах на економијата што е неизбежно никој не презима мерки стално се интервенира до владата, буџетите на општината се празнат за таа намена и најголем проблем е околу јавното приватно партнерство 5.000 000 денари општината е должна каде што сакат и да ја блокират нема средства струјата да се плати а не пак и на нив да се плати според него ногу предходни политики се не инфективни.

Немаше друг пријавено за збор втората точка од дневниот ред: Квартален извештај за доспеаните а неизмирени обврски на општина Василево за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година (К-2). беше ставено на гласење од вкупно присутни 14 советници гласаа 6 гласа,, за,, ,, против,,нема и и ,, воздржани,, 8, Советот на општина Василево не го усвои.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред Квартален извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година (К3). за збор се јави Ване Андонов рече дека комисијата на седницата го разгледа од 4 присутни гласаа 1 ,, за,, ,, против,,нема и и ,, воздржани,, 3 комисијата не го усвои.

Немаше друг пријавено за збор третата точка од дневниот ред Квартален извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година (К3). беше ставено на гласење од вкупно присутни 14 советници гласаа 6 гласа,, за,, ,, против,,нема и и ,, воздржани,, 8, Советот на општина Василево не го усвои.

4.

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Пецанова Слоботка од с.Дабиље бр.192. за збор се јави Ване Андонов рече дека комисијата на седницата го разгледа барањето и според можностите на општината од 4 присутни члена со 4 гласа ,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема го усвои предлогот да се доделат средства во износ од 6000 денари. Предлага до Советот и тој да го разгледа и усвои.

Немаше друг пријавено за збор предлогот од комисијата да се доделат финансиски средства во износ од 6000 денари по барање доставено од Пецанова Слоботка од с.Дабиље беше ставено на гласење од вкупно присутни 14 советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа ,, гласа ,, за,, против,, и и ,, воздржани,, нема .

Четвртата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Пецанова Слоботка од с.Дабиље бр.192. со усвоениот предлог да се доделат средства во износ од 6000 денари беше ставено на гласење од вкупно присутни 14 советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа гласа ,, за,, ,, против,, и и ,, воздржани,, нема

5.

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Ристова Лика од с.Нова Маала бр.61. за збор се јави Ване Андонов рече дека комисијата на седницата го разгледа барањето од 4 присутни члена со 4 гласа ,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема го усвои предлогот да се доделат средства во износ од 20.000 денари. Предлага до Советот и тој да го разгледа и усвои.

Немаше друг пријавено за збор предлогот од комисијата да се доделат финансиски средства во износ од 20.000 денари по барање доставено од Ристова Лика од с.Нова Маала беше ставено на гласење од вкупно присутни 14 советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа ,, гласа ,, за,, против,, и и ,, воздржани,, нема .

Петата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Ристова Лика од с.Нова Маала бр.61.. со усвоениот предлог да се доделат средства во износ од 20.000 денари беше ставено на гласење од вкупно присутни 14 советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа гласа ,, за,, ,, против,, и и ,, воздржани,, нема

6.

По отворената расправа по шестата точка од дневниот ред: Предлог одлука за пренесување на право на користење на патничко моторно возило Hyundai Elantra на ЈКПД ,,Турија" Василево, за збор се јави

Спасенка Митева претседател на комисијата за општесвени дејностина рече дека комисијата на седничата ја разгледа од присутни 5 члена комисијата го усвои со 5 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор шестата точка од дневниот ред: Предлог одлука за пренесување на право на користење на патничко моторно возило Hyundai Elantra на ЈКПД ,,Турија" Василево;беше ставено на гласење од вкупно присутни 14 советници Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани, нема,.

7.

По отворената расправа по седмата точка од дневниот ред: Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2022 година за збор се јави Славе Андонов градоначалник на општина Василево предлага во Предлог-Програма за измена и дополнување на програмата за изработка на урбанистички планови за 2022 година се додадат :

Да се додаде под точка 1:17 која ќе гласи инијацетива за изработка на урбанистички проект вон населено место со намена Е површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет 2MW на дел од КП 965 КО Нова Маала, Општина Василево.

Да се додаде под точка 1:18 која ќе гласи инијацетива за изработка на урбанистички проект вон населено место со намена Е површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет 1MW на дел од КП 567 КО Добрашинци вон гр, Општина Василево.

Да се додаде под точка 1:19 која ќе гласи инијацетива за изработка на урбанистички проект вон населено место со намена Е површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет1MW на дел од КП 408/2 КО Нова Маала, општина Василево.

Да се додаде под точка 1:20 која ќе гласи инијацетива за изработка на урбанистички проект вон опфат за КО Ангелци, општина Василево.

Под точка 2 финансирањето по точка 1:17, 1:18, 1:19 средсствата за предвидените активности ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево.

По точка 2 финансирањето по точка 1:20 средсствата за предвидените активности немат финансиски импликации на Буџетот на општина Василево и истите ќе се обезбедат од физички лица.

Крсте Панов праша дали се знае колку општината ќе се задолжи и колку бенифит ќе има од тоа бидејќи точката ќе се стави на гласење побара образложение.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево во образложението рече дека од тоа што е запознаен и со разговор на директорот на ЕВН продажбата на земјиштето е исто и како продажбата на градежното земјиште таа е програмата што е дадена ќе оде и на аукција на надавање.Околу прашањето колку ќе ја кошта општината рече дека на тој дел се разговараше и со вработени од општината со Горан Андонов, има повеќе парцели предвидени имајќи ја ситуацијата финансиска се отиде на тој дел помалку се предвиде за да може да се издржи околу тие урбанистички проекти што

се ќе се гледа според можностите, за почеток прв пат ќе се проба во општина Василево ќе се види доколку оди добро ќеима можност да влезат приходи во општината.

Александар Митров рече дека го интересира околу тие соларни и фотоволтаични електрани доколку се стават на најквалитетно земјиште како што има направено грешка со првиот состав кој беше во комисијата за урбанизам доколку се стави ќе се зафати најдоброто плодно земјиште како и досега што се градеа магацини со двајца вработени сака да праша каде ќе бидат лоцирани тие фотоволтаични електрани.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека се работи за Нова Маала и Чанаклија се работи за баирски места.

Александар Митров доколку се работи за Василево смета сека ке нема корис од тоа.

Александра Мадевска доколку се урбанизира за соларни и фотоволтаични електрани на земјоделско земјиште ќе се стават на четврта и пета класа сака да каже податок за тоа земјиште кога беше и предходниот градоначалник за тоа има разговарано дека има понуда сакат да инвестират странски инвестиции таму на тоа земјиште но заради урбанизацијата што оде многу тешко после тоа излезе и друг проблем дека треба да има голем простор и поголема јачина на струја не одговараше за да се постават за тоа тој проект пропадна.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека не се работи за таа површина се работи за Добрашинци рече дека таму е планирано за винарија тој проект се гони три години за тоа нема ништо сторено но ќе се продолжи со тој проект што е можно побрзо за да може да се продава и да се соберат средства.

Александра Мадевска рече дека го подржува градоначалникот но прво треба добро да се испита што се продава а не само да се продава.

Немаше друг пријавено за збор седмата точка: Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2022 година беше ставено на гласење од вкупно присутни 14 советници советници Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани, нема,.

8.

По отворената расправа по осмата точка од дневниот ред: Извештај за реализација на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Василево за 2021 година за збор се јави Ристо Делјанов претседател на комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена гласаше 1,, за “против,,нема и ,, воздржани,, 3,. Комисијата не го усвои.

За збор се јави Блажо Делев рече дека во матерјалите во2021 година стои дека 825.928 денари се потрошени за крпење на ударни дупќи на локални патишта и улици од Буџетот на општина Василево праша за кои локални патишта станува збор побара образложение.

Бранко Андонов представник од општинската администрација во неговото образложение рече дека тој го изработува извештајот за реализација на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Василево за 2021 година. Оваа програма се прави со цел да може понавреме да се бара средства од акционерски друштва за државни патишта. Со освојувањето на

програмата од советот ќе се одпочне постапка тоа се 2.200 000 денари кој ќе се барат за реализација на дел од проектите кој се предвидени во оваа година. Секоја година се носат програми но се носи и извештај. Патиштата се сите целосно реализирани како што се напишани. Зимската програма е реализирана преку ЈКП а ударните дупки се реализирани преку фирмата Џови. Спомнатите пари се потрошени за патниот правец од малото игралиште во Василево до 11 Септември прекопот регионалниот пат за струмица бидејќи со реализацијата на атмосверската канализација на овој потег изведувачот кој го има земено тендерот за реализирање на оваа програма дел од тој пат не бил асфалтиран тој сметал дека е земјен пат и дека ќе работи по земјен пат нема да сече асфалт по изведувањето наатмосверската канализација скоро 70% се уништи овој патен правец излезот на василево стариот пат спрема 11 Септември со тоа ударните дупки и програмата за ударни дупки таму целосно се искористи преку фирмата Џови Компани

Блажо Делев праша зошто не е заведена како улица туку како крпење на дупки.

Бранко Андонов: парите кој ги дава акционерското друштво за државни патишта имат строга намена од нив има дел за локални патишта, дел за улици дел за крпење и зимско одржување. Тие пари како ќе ги распореди градоначалникот и тие како советници со нивната програма ако се земе програмата во ноември што ја донесоа исто така има предвидено крпење на ударни дупки сето тоа зависи од потребата доколку има потреба ќе се крпат улици и патишта по населените места но бидејќи е изцрпена 700.000 денари има предвидено а кошта 825.000 денари нема останато средства за крпење на ударни дупки во иднина ќе практикуваме најсигурно да се асфалтира некоја улица во некое населено место, но има ударни дупки каде што се помага да се крпат, кога се дојдени тие средства во Буџетот не се знае и од кои пари се плаќа.

Ване Андонов рече дека ќе гласа само во интерес на тоа дека преку таа програма од фондо за државни патишта треба да добиеме 2.200 000 денари само во интерес на тоа ќе ја гласа програмата иако програмата со осум те точки не заслужува да биде изгласана од повеќе причини една од нив е и од финансиски аспект но во интерес на тоа дека треба да се добијат 2.200 000 денари за тоа ке гласа и 3.700.000 денари се од Буџетот на општина Василево другото не е во ред крајниот резултат на основата на тие 8 точки е зголемување на долгот на општината.

Александра Мадевска праша што планират со другите населени места како за Нова Маала каде што до вчера се газеше по кал прашува општо за сите населени места а не само за одредени села кога се знае патот водата и струјата се најосновните потреби за живеење.

Ване Андонов се јави за реприка на советничката Александра Мадевска рече дека убаво е да се има желби сите да газат по асфалт да има струја вода тоа се основни потреби за живеење во 21 век смешно е да се зборува за неасфалтирани улици тоа се основни работи рече дека тие како членови на Совет која што во моментот е задолжена со 90.000 000 денаридолг пред се преоритет треба да има на раздолжување на општината.

Немаше друг пријавено за збор осмата точка: Извештај за реализација на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Василево за 2021 година, беше ставено на гласење од вкупно присутни 14 советници советници Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани, нема,.

По отворената расправа по деветата точка од дневниот ред: Предлог- Одлука за утврдување на приоритетен проект за реконструкција на локален пат од крстосница со пат кон брана Турија до центар во с. Добрашинци, Општина Василево, за збор се јави Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека Одлуката е донесена повеќе време пред 3 месеци треба да се аплицира за тој проект се има одлучено за патот на влезо во Добрашинци до центарот на Добрашинци Смета дека проектот е добар и решено улично осветлување се планира да се аплицира со него во Светска банка преку Министерството за транспорт и врски и е поднесено само се бара Одлука од советот се надева дека советот ќе ја усвои што ќе биде во интерес на сите грагани од оваа населено место.

Немаше друг пријавено за збор ред Предлог- Одлука за утврдување на приоритетен проект за реконструкција на локален пат од крстосница со пат кон брана Турија до центар во с. Добрашинци, Општина Василево,беше ставено на гласење од вкупно присутни 14 советници советници Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани, нема,.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Ристо Делјанов ја затвори 5- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:

Зора Коларова

Совет на општина Василево

Претседател

Ристо Делјанов